20251232762

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (1) од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21 и 39/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 јуни 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Член 1

Со оваа одлука заради спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство се формира Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (во натамошниот текст: Националното координативно тело).

Член 2

Националното координативно тело е составено од: еден претставник од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, три раководни службеници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, член и заменик член од Министерството за здравство, член и заменик член од Министерството за правда, член и заменик член од Министерството за образование и наука, член и заменик член од Министерството за внатрешни работи, судии и јавни обвинители, претставник на единиците на локалната самоуправа и три члена на здруженија, по еден член од синдикати и здруженија на работодавачи, еден член од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и од Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/21).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5722/4
17 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.